**9. ТВ 24 Вес ти**

***„Вести“***

Во известувачкиот периоод од 23 ноември до 18 декември 2015 г. на ТВ 24 Вести беа објавени вкупно (305 прилози) кои се однесуваат на политичките актери. Најсеопфатно внимание месецов телевизијата им посвети на (*1*) Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (16 прилози), (*2*) преговорите медиумите (13 прилози), (*3*) Ветото за домашното задолжување (11 прилози), (*4*) Аферата со лажни лични карти (10 прилози), (*5*) Аферата за работењето на министерството за внатрешни работи (5 прилози), (*6*) Блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ (4 прилози), (*7)* Новите проекти на Владата на РМ (4 прилози), (*8*) Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (1 прилог). Не се забележани сериозни фаворизирачки дискурси кон некоја од политичките партии, но се забележува засилен критички однос кон активностите на владата.

Коментари и оценк и во в ес тите : Телевизијата во мониторираниот период генерално известуваше коректно и непристрасно за тековните настани и за актуелните состојби во земјата. Во повеќето од прилозите не се забележуваат елементи на коментирање или на неаргументирано оценување на политичките субјекти. Во ретки случаи практиката на оваа информативна програма е аргументирано да ги критикува постапките на Владата. Во 13 прилози е забележана таква практика, како на пример, во прилогот „ВМРО-ДПМНЕ со предлог за законот за медиуми, за СДСМ бил прифатлив или извештајот од 28.11.2015 „Милошоски нема конкретен одговор на што следува драстично променетиот став на неговата партија по однос на фалсификуваните документи“. Во овие прилози ТВ 24 Вести демонстрираат силна критичност кон владејачката ВМРО-ДПМНЕ, но тоа го прават користејќи логички след на аргументација укажувајќи дека во случаи на политичка криза и на затвореност на институциите, можно е да се конструира некаков критички однос на медиумите кон власта. Телевизијата речиси не ги пренесуваше мноштвото промотивни активности на власта што можеа да се забележат во изобилство на про-владините медиуми, но не ја промовираше ниту опозицијата или некој трет субјект, освен во ретки случаи во кои се гледа минимална инклинација. Интересно е сепак што во изолирани случаи имаше практика на непредизвикано пренесување на активностите на власта – но, тоа не е стратегиски направен чекор туку повеќе инцидентно известување – практика која во македонското новинарство мора да биде надмината за да се избегне билтенизацијата на вестите. Во информативните содржини не е забележан коментаторски пристап или експлицитно оценување.

Користење на изворите : Во две третини од содржините објавени во информативните содржини на 24 Вести се користат по два или повеќе извори. При пренесувањето на ставовите на политичките актери, застапени се сите засегнати страни. Балансираниот пристап е забележан и кога се користат мислења од експерти и од аналитичари во прилозите. Во поретки случаи се користи само еден извор во прилозите или пак два извора кои бранат иста позиција. Во повеќето прилози во кои што се користи само еден извор, тој е од опозицијата – што е основа на заклуокот дека 24 вести благо инклинира кон опозицијата без да ги наруши принципите на професионалното новинарство и на политичкиот плурализам.

Дире к тни обраќања : Во известувачкиот периот имаше вкупно 44 директни обраќања. Во тринаесет, лидерите на политички партии беа претставени со директни обраќања во мониторираниот период, и тоа Никола Груевски 19 пати, Зоран Заев 10 пати, лидерот на ДУИ еднаш. Во 24 Вести место им беше дадено и на лидерот на Достоинство Стојанче Ангелов (3 пати), лидерите на ПЦЕР Самка Ибраимовски и на Демократски Сојуз Павле Трајанов (по 2 пати), и по еднаш првите луѓе на ФРОДЕМ Јове Кекеновски, на Левица Здравко Савески, на Титови Леви Сили, Слободан Угриновски, на Демократската партија на Турците Кенан Хасипи, на ЛДП Горан Милевски, на НСДП Тито Петковски и на НДМ Јанко Бачев.

Аудиовиз уелна манипул ациј а : Не е забележана експлицитна малициозна манипулативна аудиовизуелна презентација и содржините се покриени со соодветна слика и тон.

**Емисии**

Во периодот кој се однесува на ток шоу емисиите иопфатен во оваа анализа беа анализрани пет изданија на емисијата „24 Анализа“ и две изданија на „Вин Вин“. Во ниту едно од изданијата не е забележан фаворизирачки или неаргументиран напаѓачки однос кон политички субјекти, позитивно или негативно врамување на политички субјекти, ниту елементи на говор на омраза.